# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**3384.**

Врз основа на член 10 став (2) и член 79 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/24), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ТЕРЕНИ ЗА ХЕЛИКОПТЕРИ

### 1. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебните услови за безбедно користење на терен за хеликоптери, за стекнување на одобрение за теренот, формата и содржината на одобрението, како и постапката за негово издавање и промена.

Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. Терен за хеликоптер во смисла на овој правилник е било која локација која ги исполнува условите за безбедно вонаеродромско полетување и слетување на хеликоптер утврдени во Главата 2 на овој правилник и

2. Населено место (Congested area) е изграден, функционално обединет простор на кој се обезбедени условите за живот и работа на луѓето и за задоволување на поединечните, заедничките и општите потреби на жителите и на заедницата, согласно со закон.

(2) Одделни кратенки употребени во овој правилник го имаат следното значење:

- „D“ е најголемата димензија на хеликоптерот при работа на ротор;
- „SA“ (Safety area) е заштитна зона околу терен и
- "B" е растојание помеѓу стојниот трап, скиите или пловците на хеликоптерот.

Член 3

Овој правилник не се применува на терен за хеликоптер доколку истиот се користи во вонредни околности, и тоа:

- слетување во итен случај;
- вршење на итен медицински превоз;
- полетување или слетување за цели на потрага и спасување;
- гаснење на пожари и
- оперативно летање на државните воздухоплови.

Член 4

Теренот за хеликоптери може да биде:

а) терен за хеликоптери вон населено место кој е наменет за еднократно или повеќекратно користење;

б) терен за хеликоптер во населено место кој е наменет за еднократно или повеќекратно користење.

### 2. Услови за користење на терен за хеликоптери

Член 5

(1) Терен за хеликоптери може да се користи доколку на истиот нема луѓе, возила, стока, мобилни или фиксни објекти по оперативните површини.

(2) Теренот за хеликоптери може да се користи доколку на него нема предмети, кои би можеле да се подигнат поради јак ветер или под дејство на струја од роторите на хеликоптерот со што би се загрозило безбедното слетување и полетување на хеликоптерот.

(3) Ако е планирано користење на терен кој се наоѓа во контролирана зона (CTR), во планот на лет потребно е да се наведат географските координати на теренот и активноста да се координира со надлежниот центар за контрола на летање, кој може да ја ограничи или забрани конкретната операција доколку тоа го налагаат моменталните услови за вршење на сообраќај во контролиранaта зона (CTR).

(4) Терен за хеликоптери кој се наоѓа во појас на заштитено подрачје на 500 метри од граничната линија на територијата на Република Северна Македонија може да се користи само ако операторот на хеликоптерот има согласност или одобрение за вршење на конкретната летачка операција издадено од Граничната полиција.

(5) Полетување/слетување на терен за хеликоптери може да се изведува исклучиво дење според правилата за визуелно летање (VFR).

(6) Терен за хеликоптери не може да се користи за вршење на редовен воздушен превоз и нередовен (чартер) воздушен превоз.

(7) Терен за хеликоптери не може да се користи за постојано базирање на хеликоптери. Хеликоптер може да биде постојано базиран само на аеродром или леталиште кое е регистрирано од Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенцијата).

(8) Терен кој е наменет за повеќекратно користење може да се користи се додека не настапат околности кои ги менуваат условите за безбедно полетување и слетување на воздухопловите, пропишани со овој правилник. Доколку настапи промена на физичките карактеристики на теренот или промена во блиската околина која би можела да влијае на безбедноста на операциите, корисникот на теренот треба да престане со користење на таков терен и за тоа да ја извести Агенцијата.

Член 6

(1) Терен за хеликоптери може да се користи доколку ги исполнува следните услови за безбедно користење:

1) теренот е соодветен за користење, односно операторот на хеликоптерот проценил дека теренот е задоволителен, земајќи ги предвид актуелните перформанси на хеликоптерот и физичките карактеристики на теренот. Проценката на соодветноста на теренот операторот на хеликоптерот ја врши со преглед од земја и/или со надлетување на теренот. При проценката на соодветноста на теренот, операторот на хеликоптерот треба да утврди:

- правец и брзина на ветрот, како и други метеоролошки услови од значење за операциите;
- можност за одржување на аголот на приод и одлет;
- погодност на местото за вертикално слетување (наклон, висина на трева, висина на снег и сл.);
-препреки во приоден правец на слетување и во близина на теренот и можност на нивно безбедно надвишување,
- големина и облик на местото за слетување;
- ориентири;
- положба на сонцето и
- површини погодни за принудно слетување и најпогодни правци за продолжување на летот во случај на откажување на слетувањето,

2) теренот треба да има облик и големина кои се доволни во него да може да се смести круг со дијаметар не помал од вредноста на 1,5 X D, без препреки;

3) местото на допир на стојниот трап со тлото треба да има облик на квадрат со димензии 2B X 2B и носивост која одговара на вкупната тежина на хеликоптерот кој се користи,

4) теренот треба да има обезбедени сектори за приод и заминување со ширина не помала од 3D,

5) теренот треба да има заштитна/безбедносна зона SA чија ширина не може да биде помала од три m или 0,25D (се зема во предвид поголемата вредност) во која не може да има фиксни објекти со висина над 25см и подвижни објект за време на операциите,

6) над теренот да нема далноводи, жичници или други слични објекти и

7) нагибот да не е поголем од 7% и треба да обезбедува безбедно слетување на хеликоптер.

(2) Терен за хеликоптер во населено место може да се користи доколку ги исполнува условите од став (1) на овој член и има:

- барем еден покажувач на правец и јачина на ветер во облик на цилиндар со должина од 2,4 m и дијаметар на поширокиот крај од 0,6 m и дијаметар на потесниот крај од 0,3 m или од лесно воочливи платнени траки (најмалку три) со должина од најмалку 2 m. Покажувачот треба да биде поставен на соодветно место, на висина од 2-3 m,

- нагиб на приодно/одлетна рамнина која започнува од работ на теренот да изнесува најмалку 8% на должина од 500 m, а дивергенцијата на бочните страни на рамнината да изнесува 10% (Слика 1),



Слика 1

- обележано полетно/слетно место со исцртување на круг со дијаметар од 10 метри, со бела континуирана линија со широчина од 0,3 m (Слика 2) во случај кога теренот е наменет за повеќекратно користење и




Слика 2

- одговорно лице за подготовка и одржување на теренот.

Член 7

(1) Терен за хеликоптер вон населено место покрај условите од членовите 5 и 6 на овој правилник, треба да ги задоволува минималните пропишани услови дадени во Упатството за користење на конкретниот тип хеликоптер (AFM/HFM), кој е соодветен за конкретниот тип на хеликоптер и видот на операциите кои се извршуваат со него.

(2) Теренот од став (1) на овој член треба да биде оддалечен најмалку 150 - 300m (500-1000 ft) од населено место, препрека, луѓе, животни или други предмети чија безбедност може да биде загрозена или можат да ја загрозат безбедноста на операциите во зависност од категоријата на хеликоптерот.

Член 8

(1) Терен за хеликоптер во населено место треба да ги исполнува условите од членовите 5 и 6 на овој правилник и да има одобрение од Агенцијата кое содржи спецификација на условите за користење на теренот.

(2) Со цел добивање на одобрението за користење на терен од став (1) на овој член, операторот на хеликоптерот поднесува барање до Агенцијата кон кое приложува:

а) доказ за платена административна такса,

б) доказ за платен надоместок согласно Тарифникот на Агенцијата;

в) согласност од сопственикот/корисникот на земјиштето и

г) изјава од одговорното лице на операторот на хеликоптерот дека теренот е соодветен во однос на типот и категоријата на хеликоптерот за планираните операции согласно Правилникот за летачки операции.

(3) Сопственикот/корисникот на земјиштето е одговорен за подготовка и одржување на теренот од став (1) на овој член.

Член 9

(1) Барањето за издавање на одобрението од член 8 на овој правилник се поднесува најмалку пет работни дена пред почетокот на планираните операции.

(2) На постапката за издавање и промена на одобрението за користење на терен за хеликоптери, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

(3) По исклучок од став (2) на овој член во постапките кои се предвидени со овој правилник странките може да доставуваат докази за исполнетост на пропишаните услови и на англиски јазик.

(4) По исклучок од став (2) на овој член, рокот за завршување на управните постапки за издавање или промена на одобрението од член 8 на овој правилник, започнува да тече од денот на комплетно поднесена документација за соодветно барање.

(5) Одобрението од член 8 на овој правилник Агенцијата го издава на образец даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**3. Преодни и завршни одредби**

Член 10

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престануваат да важат одредбите за терени од Правилникот за условите за безбедност на воздушниот сообраќај за користење на терен и за начинот и условите за одржување на леталиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 151/07 и 196/18).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 10-1103/1
19 септември 2024 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за цивилно воздухопловство,
**Драги Стојаноски**, с.р.

**ПРИЛОГ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / **REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**

Агенција за цивилно воздухопловство / **Civil Aviation Agency**

ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТЕРЕН ЗА ХЕЛИКОПТЕР ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО

**HELICOPTER CONGESTED AREA TERRAIN APPROVAL**

ЕВИДЕНТЕН БРОЈ / **REGISTRATION NUMBER**:................................................................................................

ЛОКАЦИЈА (адреса, н.м....) / **LOCATION** (address): ................................................................................................

НАЗИВ НА ТЕРЕНОТ / **NAME OF THE TERRAIN**: ................................................................................................

ГЕОГРАФСКИ КООРДИНАТИ / **COORDINATES**:

**WGS 84**: ..............................N, ..............................E

Елевација / **Elevation**: ..........................................мнв/mе.

Ова одобрение е издадено согласно Законот за воздухопловство и подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за воздухопловство. / **This Approval is issued in accordance with the Aviation Act and the by-laws adopted on the basis of the Aviation Act.**

Во текот на важењето на ова одобрение, теренот за хеликоптери треба континуирано да ги исполнува пропишаните услови за безбедно користење и условите дадени во спецификацијата кон ова одобрение. / **During the validity of this Approval, the Helicopter terrain shall continuously meet the prescribed conditions for safe use and the specification of conditions given for this Approval.**

број / **No.** ..............................................

датум и место / **Date and place**

.........................................................................

Директор / **Director General**

СПЕЦИФИКАЦИЈА НА УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТЕРЕН ЗА ХЕЛИКОПТЕР

**SPECIFICATION OF CONDITIONS FOR USE OF A HELICOPTER CONGESTED AREA TERRAIN**

...........................................................................................................................................

*(назив на теренот /**Terrain Name**)*

...........................................................................................................................................

*(адреса на теренот / **Location address**)*

...........................................................................................................................................

** (одговорно лице / **responsible person**)*

Согласно Законот за воздухопловство и Правилникот за терени за хеликоптери, Агенцијата за цивилно воздухопловство издава одобрение за користење на теренот во дневни услови (*VFR*), за еднократно/повеќекратно користење, под следните услови:

**Pursuant to the Aviation Act and the Regulation for Helicopter Terrains, the Civil Aviation Agency issues an Approval for Helicopter Congested Area Terrain for use in daily conditions (VFR), single/multiple use, under the following conditions:**

А. СТАНДАРДНИ УСЛОВИ / **STANDARD TERMS**

1. Теренот може да се користи само под услови под кои е издадено одобрението, доколку ги исполнува условите од Правилникот за терени за хеликоптери и согласно Упатството со проценка на ризик и Упатството за користење на конкретниот тип хеликоптер (AFM/HFM). /

   **The Helicopter Terrain can only be used under the conditions which the Approval was issued, if it meets the requirements of the Regulation for Helicopter Terrains and in accordance with the Risk Assessment Guidelines and the Guidelines for the use of the helicopter specific type** (AFM/HFM).

   Теренот не смее да се користи за постојано базирање на хеликоптери./**The Helicopter Terrain shall not be used for helicopter permanent positioning.**

   Подготовката и одржувањето на теренот е обврска на сопственикот/корисникот на земјиштето./ **The owner/user of the land is responsible for the arrangement and maintenance of the Helicopter Terrain.**

А. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ /**ADDITIONAL TERMS**